- кога добавувачот предал стока кој не е соодветна на техничките спецификации прифатени од негова страна.

Член 11

Набавувачот е должен примената стока на вообичаен начин да ја прегледа или да ја даде на преглед, штом тоа според редовниот тек на работите е можно и за видливите недостатоци да го извести понудувачот во рок од осум дена.

Кога прегледот е извршен во присуство на двете страни, набавувачот е должен своите забелешки поради видливите недостатоци да му ги соопшти на добавувачот веднаш, инаку го губи правото што му припаѓа врз таа основа.

Ако набавувачот ја експедирал стоката натаму без претовар, а на понудувачот при склучувањето на договорот му била позната или морала да му биде позната можноста за такво натамошно експедирање, прегледот на стоката може да биде одложен до нејзиното пристигнување во новото место на определување и во тој случај набавувачот е должен да го извести понудувачот за недостатоците штом, според редовниот тек на работите, можел за нив да узнае.

Член 12

Кога по приемот на стоката од страна на набавувачот ќе се покаже дека стоката има некој недостаток што не можел да се открие со вообичаениот преглед при преземањето на стоката (скриен недостаток), набавувачот е должен, за тој недостаток да го извести понудувачот во рок од осум дена, сметајќи од денот кога го открил недостатокот.

Добавувачот не одговара за недостатоците што ќе се покажат откако ќе изминат шест месеци од предавањето на стоката, освен ако со овој договорот не е определен подолг рок.

Член 13

Кога поради некој недостаток дошло до поправка на стоката, испорака на друга стока, замена на делови и слично, роковите од претходните два члена почнуваат да течат од предавањето на поправената стока, предавањето на другата стока, извршената замена на делови и слично.

Член 14

Во известувањето за недостатокот на стоката набавувачот е должен поблиску да го опише недостатокот и да го повика понудувачот да ја прегледа стоката.

Ако известувањето за недостатокот кое набавувачот навремено го испратил до добавувачот со препорачано писмо, телеграма, или на некој друг сигурен начин, задоцни или воопшто не стигне до добавувачот, се смета дека набавувачот ја извршил својата обврска да го извести понудувачот.

Член 15

Набавувачот не го губи правото да се повика на некој недостаток и кога не ја извршил својата обврска стоката да ја прегледа без одлагање, или обврската во определениот рок да го извести понудувачот за постоењето на недостатокот, како и кога недостатокот се